| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Боите на пролетта |
| **Возраст** | 4-6години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание во градинка и надвор со другарите. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор со детето за промените кои се случуваат во природата и карактеристиките на годишното време пролет. Користете слики, апликации за подобра визуелна перцепција и воочување.<br>За подобро да ги воочи промените кои се случуваат во природата во пролет, организирајте прошетка во блискиот парк. Преку дирекно набљудување детето ќе воочи, именува и опишува кои промени ги забележува.<br>Така можете да започнете разговор со Вашето дете дека природата се буди-времето станува топло, сонцето силно не грее, тревата зеленее, цутат дрвјата и цвеќињата, се будат инсектите од ливадите, птиците преселници се враќаат од топлите краишта и се е убаво, шарено, миризливо и цветно.<br>На крај понудете му на детето лист од блок и со водени бои да ги наслика боите на пролетта. |